Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-40/5
25-02-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-40 од 20.01.2022 година, поднесена од Здружение за [redacted] против [redacted], за сторена дискриминација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.02.2022 години, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на сексуална ориентација сторено од [redacted] врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 20.01.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на Здружение [redacted] против [redacted], за сторена дискриминација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во поднесената претставка се наведува дека [redacted] во неколку наврати, на социјалните мрежи ширел расистички и ксенофобичен пишан материјал кој промовира омраза против група, објавувајќи го на својот профил.
Наведена е колумна објавена на блогот на [redacted] од 14. 08. 2019 година, под наслов „Отворено писмо до браќата педери“, достапно на следниот линк https://valentino[redacted].com/otvoreno-pismo-do-bracata-pederi/.
Во претставката се наведени две објави на социјалната мрежа Facebook, на профилот на [redacted] Првата е од 27.06.2021 година, со наслов „Хомосексуалноста не постои(мразам што сум геј)“, достапна на следниот линк https://www.facebook.com/valentino.[redacted]/posts/6336281423064099 и втората од 20.12.2021 година, со наслов „Предностите на хетеросексуалците во однос на хомосексуалците“, достапна на следниот линк https://www.facebook.com/valentino[redacted]/posts/7320618267963738.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 24.01.2022 година испрати Известување бр. 08-40/3 за произнесување по наводите од претставката до [redacted].

На 31.01.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од [redacted] како одговор на претставката. Во одговорот се негира дискриминаторски однос, со објаснување дека објавените текстови се поучни, добронамерни и советувачки и дека со нив не се спречуваат или ограничуваат било чии човекови права и слободи. Понатаму, се наведува дека содржината од текстовите е критички став на авторот во врска со нечие однесување, коцепт или практика, а објавувањето на таквата содржина спаѓа во доменот на слобода на говор и мислење.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при увид во приложените докази, и покрај барањето на подносителот за утврдување на дискриминација, во конкретниот случај дејствијата на потенцијалниот дискриминатор ги квалификува како повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

Согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот и содржината на приложените објави, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека е исполнета законската дефиниција за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека [redacted] со објавување на горенаведените авторски текстови на социјалните мрежи, ја има исполнето законската дефиниција за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми спрема ЛГБТИ+ заедницата.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

Се препорачува на [redacted] да ги избрше спорните содржини и да упати јавно извинување кон ЛГБТИ+ заедницата. Откако ќе објави јавно извинување, за тоа да ги извести подносителот на претставката Здружението [redacted]" и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација препорачува во иднина да не се објавуваат содржини кои повикуваат или поттикнуваат дискриминација, ниту содржини кои продуцираат дискриминирачка и вознемирувачка содржина.

Доколку [redacted] не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
25.02.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
-[redacted], 1000 Скопје
-Здружение за [redacted] Скопје



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk